**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

**Наш број:** 09-12174/1
07-11-2024
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.06/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Советник за внатрешна ревизија, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје, Сектор за внатрешна ревизија, се избира кандидатот **Ивана Чинго.**
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 24.10.2024 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.06/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-11306/6 од 31.10.2024 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во која што за работното место Советник за внатрешна ревизија, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи основани од Град Скопје, Сектор за внатрешна ревизија, предложи да се избере кандидатот Ивана Чинго.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**
**Зоран Глигоров**

Република Северна Македонија * Град Скопје - Скопје * Republika e Maqedonisë së Veriut * Qyteti i Shkupit - Shkup